Новите студенти беа поздравени од домаќинот на свечениот час, деканот на Машинскиот факултет, проф. д-р Атанас Кочов, а потоа и од ректорот проф. д-р Велимир Стојковски. Во рамките на наградната игра, најсреќните добитници, Вукчевиќ Ива од насоката ИНД и Кочо Георги од насоката ЕЕ добија велосипеди.



## ЕУРЕКА

Во рамките на ЕУРЕКА проекти, на 29-30.09.2011 год.,на факултетот ќе се одржи работен состанок за проектот ECO-CAN, E! 5783 чиј координатор е Машинскиот факултет во Скопје. На состанокот ќе присуствуваат претставници од сите учесници во проектот: Машинскиот факултет од Љубљана, Алатницата Горење од Велење, ЛИВ Хидраулика од Р. Словенија, Раде Кончар ТЕП и Arcelor Mittal од Р. Македонија.

## ПОСЕТА

На 19.08.2011 година Машинскиот факултет, во организација на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија, се реализираше посета на претставници од американската компанија НАВИСТАР. Компанијата се занимава со производство на разни типови на камиони, производство на дизел мотори и производство на останати делови за дизел мотори. Компанијата има седиште во Warrenville, Illinois, вработува 18.700 работници и во 2010 година има остварено приход во износ од 12,3 милјарди долари. По реализирањето на последни инвестиции во нови производствени погони во Индија, претставниците на НАВИСТАР ја разгледуваат можноста за инвестирање во Македонија во производствен погон за производство на компоненти за дизел мотори.

## ПОСЕТА

На 18.08.2011 година, во организација на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија, се реализираше посета на Машинскиот факултетет од страна на претставници од американската компанија Henniges Automotive. Компанијата се занимава со производство на разни типови на гумени профили за изолација за автомобилска индустрија, има седиште во Michigan, САД, и вработува 4.500 работници лоцирани на 3 континенти. При посетата, Деканот на МФ оствари средба со г-динот Boris Gavric, Director - International Business Unit, разгледувајќи ги можностите за инвестирање, пред се можноста за отварање на фабрика за производство на гумени профили за изолација во Технолошко-индустриската развојна зона Скопје 1.

## БИЗНИС СТАРТ-АП ЦЕНТАР

На 22 септември, со присуство на Претседателот на Р. Македонија проф. д-р Ѓорге Иванов и други гости ќе се отвори овогодинешниов Национален натпревар за најдобар бизнис план во средните училишта. На натпреварот ќе се изложат десетина фирми произлезени од работата на центарот на Машински факултет, а потоа ќе се изврши обука за наставниците и професорите на средните училишта.

## КОНФЕРЕНЦИЈА

Во периодот од 20 до 22 септември, вон. проф. Ристо Филковски престојува во Киев, Украина на меѓународната конференција од областа на обновливи енергетски ресурси "7th International Conference on Biomass for Energy". На конференцијата професорот ќе се претстави како предавач на панел сесиите и како коавтор на неколку трудови.

## ЕКСКУРЗИЈА

Студентите од четврта година на насоката моторни возила, при институтот МКММВ се на научна екскурзија во траење од 10 дена во Германија и Словенија. При посетата студентите ќе остварат повеќе посети на познати производители на автомобили и автобуси, како и посета на саемот за автомобили во Франкфурт, Германија. Студентите во текот на екскурзијата ќе се запознаат со современите процеси на изработка на автомобили и автобуси.

## ОТСУСТВА

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец септември 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Атанаско Тунески и доц. д-р Зоран Марков на службено патување во Фиренца, Италија.
2. Проф. д-р Роберт Миновски и асс. м-р Бојан Јованоски на службено патување во Австрија и Црна Гора
3. Вон. проф. д-р Никола Тунески на службено патување во Клуж, Романија.
4. Проф. д-р Јанко Јанчевски на службено патување во Р. Србија.
5. Асс. д-р Филип Мојсовски на службено патување во Р. Словенија.
6. Проф. д-р Виктор Гаврилоски и доц. д-р Христијан Мицкоски на службено патување во Р. Бугарија.
7. Проф. д-р Виктор Гаврилоски и асс. м-р Јована Јованова на службено патување во Виена, Австрија.
8. Доц. д-р Зоран Марков на службено патување во Р. Србија.
9. Проф. д-р Софија Сидоренко на службено патување во Грција и Бугарија.
10. Проф. д-р Лазе Трајковски на службено патување во Милано, Италија.
11. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска на службено патување во Р. Србија.
12. Вон. проф. д-р Ристо Филковски на службено патување во Украина.
13. Проф. д-р Миле Димитровски на службено патување во Брисел, Белгија.
14. Проф. д-р Милан Шаревски на службено патување во Р. Чешка.
15. Асс. м-р Кристина Јакимовска на службено патување во Р. Србија.
16. Проф. д-р Лазе Трајковски, асс. м-р Емил Заев и асс. м-р Дарко Бабунски на службено патување во Грција.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**11.10.2011**
**ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ**

**23.10.2011**
**ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА**

**25.10.2011**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**27.10.2011**
**37 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, септември, број 103**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во учебната 2011/2012 година, на Машинскиот факултет во Скопје се запишаа вкупно 305 студенти, од кои 234 студенти на академските студии и 71 студенти на професионалните студии. Во четврток, на 15 септември 2011 година, со првиот свечен час започна новата учебна година. На свечениот час присуствуваа Ректорот и членовите на Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и методиј во Скопје.

